OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 17 декември, 2018 г.

# ЗАПОЧНА НАЈЗЕЛЕНАТА НАГРАДНА ИГРА НА ОХРИДСКА БАНКА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ

20 електрични тротинети дел од наградниот фонд на Банката

Денес започнува новата наградна игра на Охридска банка Сосиете Женерал наречена „Зелена наградна игра“, во која Банката за направени трансакции со нејзините картички доделува електрични тротинети.

Имено, **од 17.12.2018г. сé до 28.02.2019**, сите оние кои ќе направат минимум 10 трасакции со една од дебитните катички на Банката и минимум 5 трансакции со било која кредитна картичка на Банката, стануваат потенцијални добитници на еден од дваесетте електрични тротинети.

Квалификувани за учество во наградната игра се сите полнолетни физички лица – државјани на Република Македонија (кои се корисници на која било дебитна и кредитна картички издадена од Банката). Сите заинтересирани за оваа наградна игра, на располагање ги имаат сите дебитни картички на Охридска банка Сосиете Женерал наменети за физички лица: Маестро, MasterCard Standard, MasterCard Gold, Visa Classic; како и кредитните картички за физички лица: MasterCard Revolving, MasterCard Gold, MasterCard Platinum, Visa Classic, Visa Gold.
Валидни трансакции кои се земаат во предвид за исполнување на условите од наградната игра се трансакциите направени на ПОС-терминал на кое било продажно место, како и трансакциите направени со електронско плаќање преку Интернет, на територијата на Република Македонија.

По исполнување на основниот услов на наградната игра, клиентите имаат можност, на секои наредни 10 трансакции со една од дебитните картички и наредни 5 трансакции со една од кредитните картички за физички лица, уште еднаш да се појават како можен добитник, со што се зголемуваат шансите за награда. Еден учесник во Наградната игра има право да биде извлечен само за една награда.

Охридска банка Сосиете Женерал, како општествено-одговрна компанија која континурано вложува во насока на зачувување на животната средина, овојпат разви концепт на наградна игра кој има за цел да ги мотивира своите клиенти

м

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

заеднички да придонесат кон чистата средина.
По минатогодишната наградна игра во која беа доделени 70 велосипеди, оваа година Банката доделува 20 електрични тротинети кои дополнително ќе помогнат кон целта на Банката. Истовремено банката нуди производи за енергетска ефикасност со повластени услови наменети за физички лица, кои клиентите може да ги препознаат под името „А++ кредит“.

Дополнително, Охридска банка Сосиете Женерал оваа филозофија на делување кон чиста животна средина ја применува и во рамки на своето секојдневно работење, преку создавање на вело катчиња за паркирање на велосипедите на вработените, набавка на хибридни автомобили за секојдневните потреби на вработените, како и активно дигитализирање на процесите, заради намалување на печатење на документи и промотивни материјали .

Повеќе информации за Наградната игра на Банката може да прочитате на веб страницата на Банката www.ohridskabanka.mk, или да побарате информации во Контакт центарот на телефонскиот број (02) 15 050.

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за*

*цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker” и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“ и “Euromoney”. Во 2018 година, банката повторно ја доби наградата за Најдобра банка во Македонија, според познатиот магазин “Global Finance”.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

м

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (02) 3 167 682

Мартин Манасков
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (02) 3 167 649

м